УО.ОД. 02-92/1 од 28.03.2014 година

Точка 74/3

Врз основа на член 7 од Законот за Фондот за осигурување на депозити "Службен весник на Република Македонија" број 63/00; 29/02,43/02, 49/03, 81/08, 158/10 и 43/14 ) и член 33 од Статутот на Фондот ("Службен весник на Република Македонија број 46/01; 68/02, 31/03, 69/03, 69/12), Управниот одбор на Фондот, на својата 75-та седница одржана на 28.03.2014 година донесе

# О Д Л У К А
## за измена на висината на стапката на премијата

**Член 1**

Се утврдува стапката на премијата во висината од 0,5 % годишно ниво која Фондот за осигурување на депозити ја пресметува и наплаќа од своите членки–банки и штедилниците во Република Македонија.

Член 2

Пресметувањето и наплатата на премија по утврдената стапка од 0,5% на годишно ниво ќе почне да се применува од 01.06.2014 година на утврдена месечна основица на депозитите на население кај членките на Фондот-банки и штедилниците во Република Македонија со состојба 31.05.2014 година.

Член 3

Се задолжуваат стручните служби на Фондот да ја известат Владата на Република Македонија и нејзините членки–банки и штедилници во Република Македонија за новоутврдената висина на стапката на премијата.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.06.2014 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Законот за Фондот за осигурување на депозити, паричните средства на Фондот изнесуваат најмалку 4% од вкупните депозити во банките, филијалите на странски банки и штедилниците во Република Македонија. Согласно законот, по постигнување на ова ниво од (4%), Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за престанок на обврската за плаќање на премија за осигурување, освен за банките, филијалите на странски банки и штедилниците кои се под дополнителни

мерки преземени од страна на гувернерот на Народна банка на Република Македонија или во кои е воведена администрација.

Висината на премијата што Фондот ја наплатува од банките, филијалите на странски банки и штедилниците ја утврдува Управниот одбор на Фондот, но најмногу во висина на 0,7% годишно од вкупните депозити на физички лица. Според направените анализи и реални состојби, на 31.12.2013 година средствата на Фондот изнесуваат 10,2 милијарди денари (166 милиони евра) и претставуваат 5,26% од вкупните депозити, т.е се за 1,26% над нивото на законскиот минимум. Според тоа, исполнети се законските услови Управниот одбор на Фондот да донесе одлука за намалување или престанување со наплата на премија за осигурување. Сепак, заради јакнење на капацитетот на Фондот за исплата на депонентите при ризичен настан, а со тоа и јакнење на довербата во финансискиот систем во државата, потребно е да се одржува финансиската кондиција на Фондот.
Во услови на стабилен банкарски систем и релативно високо ниво на средства на Фондот за осигурување на депозити, се оценува дека трошоците на банките за осигурување на депозитите можат да се намалат преку намалување на премијата за осигурување. Со цел да се дефинира оптималното ниво на премија, направена е симулација на ефектите од евентуалното намалување на стапката на премија. Симулацијата е направена во четири варијанти и тоа со примена на стапка на премија од 0,5%, 0,4%, 0,3% и 0,2%.

Анализата покажа дека, во колку од 01.06.2014 година се отпочне со примена на стапка на премија од 0,5% (наместо постојната 0,7%), на мајска основица, во 2014 година Фондот ќе наплати вкупна премија во износ од 1.138 милиони денари или 80,76% од премијата што би се остварила со примена на стапка од 0,7%, при што Фондот ќе оствари помалку средства за 242 милиони денари (од премии и пласмани), а покриеноста на вкупните депозити ќе изнесува 5,43% или за 1,43 процентни поени над законскиот минимум. Ефектот од намалувањето на стапката на премија за банките и штедилниците во 2014 година ќе изнесува 271 милиони денари.

Во колку не се изменат состојбите, стапката на премија би можела секоја година да се намалува за 0,2 процентни поени. За 2014 година ефекти без последици би се оствариле во колку се примени стапката на премија од 0,5% на годишно ниво.

Претседател на Управен одбор
Сузана Пенева

СКОПЈЕ